Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11,59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13,180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ 79/07, 124/10, 47/11,163/13 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11,59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување,ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

6.2 Заштита и спасување

Мерките за заштита и спасување се остварувaа преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во опласта за кои се основани. Врз основа на Закон за заштита и спасување („Сл. весник на РМ.“ бр. 36/04, 49/04, 86/08,124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), иницијатива за изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1 (дел од МЗ 5.2 – I дел), Општина Бутел** е покрената по барање на Нарачателот **Општина Бутел.**

Се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Северна Македонија.

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности од природни непогоди, и други несреќи;
- преземање на мерки за превенција за ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош преку единствениот систем за известување;
- обука, тренинг и вежби за оспособување за заштита, спасување и помош;
- организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- самозаштита, самопомош и заемна помош;
- мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;

• одредување и спроведување на заштитните мерки;

• спасување и помош;

• отстранување на последиците од природни непогоди, и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;

• надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;

• давање помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди и други несреќи;

• давање помош на други држави кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа;

• примање помош од други држави;

• идентификација и процена на опасностите;

• водење на база на податоци на сите извори на ризици и опасности од природни непогоди и други несреќи и

• изработка на процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и планови за заштита и спасување и ажурирање на истите.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

-засолнување

-заштита и спасување од поплави

-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи -заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

-заштита и спасување од урнатини

-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и

-спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

-евакуација со згрижување на загрозеното и настраданото население

-радиолошка, хемиска и биолошка заштита

-прва медицинска помош

-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и асанација на теренот.

6.3 Заштита и спасување од техничко-технолошки катастофи

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на појава на пожар или експлозија, и заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите или последици од пожар и експлозии. Заради неопходна навремена и ефикасна превентивна припрема и подготвеност за спроведување на мерките за заштита и спасување во проектната документација потребно е да се изработи проект за одржување на објектот, елаборат за геомеханички испитувања и слично, како предуслов за спречување на настанувањето или за ублажување на последиците од природните непогоди или други несреќи кои можат да настанат при работа на опремата во објектот.

6.4 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во

побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.
Населението во подрачјето со кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

6.5 Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

При изработка на Проектот да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

6.6 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр.67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен,воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примената на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18). Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди. Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04,49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 70 и Правилник замерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи(Сл.весник на Р.М. 231/20).

Нарачателот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои

се врши реконструкција/пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Во објекти и простори во коишто се произведуваат, преработуваат, користат и складираат опасни материи, ако природата на работата не еповрзана со таква потреба, се забранува :

- употреба на отворен оган, светилки со пламен и средства за палење;
- користење на грејни уреди со отворен оган, вжарена и прекумерна загреана површина;
- складирање на материи со опасност од самозапалување;
- користење уреди и инсталации кои можат да предизвикаат пожари и експлозии;
- движење и престој на неповикани лица и употреба на алат кој создава искри.

За мерките за забрана од ставот 1 на овој член, сопственикот, односно корисникот е должен да истакне знаци за забрана и предупредување на видно место на објектот и на просторот.

Запаливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6 метри од објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници и други комуникации.

Отпадните и други запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

За правилно изведување на инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член, се одговорни инвеститорите и изведувачите.

Инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член, мораат редовно да се одржуваат во исправна состојба согласно со техничките прописи и правилата на техничката практика.Сопственикот, односно корисникот на објектот е должен да се грижи за одржување на инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член.

Сопствениците односно, корисниците на деловни и индустриски објекти кои не изработуваат планови за заштита и спасување, се должни да имаат „Пожарен куќен ред“, поставен на видно место во објектот.

Пожарниот куќен ред од ставот 1 на овој член, содржи:

- мерки за заштита од пожари соодветна на животните и работните услови во објектот;
- организација на заштита од пожари и
- упаство за постапка во случај на пожар.

Сообраќајниот систем во локалитетот треба да овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот да се планира непречено движење на пожарните возила. Сообраќајниците да се така планирани да овозможуваат непречен пристап на пожарните возила до објектите и да се со доволна широчина (3,5м за еднонасочен сообраќај, односно шест метри за двонасочен сообраќај), за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со височина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот, а колозовната конструкција на пристапот да се димензионира на осовински притисок од најмалку осум тони.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. отвори, минималната димензија на светлиот отвор на проодот се: 3,5м широчина и 4,5м височина.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. Отвори кои се наоѓаат во

кривина, минималната димензија на светлиот отвор на проодот се: 4м широчина и 4,5м височина.

При проектирањето на новопланирани објекти, во документацијата да биде решена и громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на новопланираните објекти.

Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник f 80 мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од f 80 мм да се постават противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку f 80 мм.

Растојанието меѓу надворешните хидранти се определува во зависност од намената, од големината и од слични карактеристики на објектот, со тоа што пожарот на секој објект ќе може да се гасне со најмалку два надворешни хидранта. Дозволеното растојание меѓу два хидранта изнесува најмногу 80м. Во населени места во кои се наоѓаат претежно стамбени објекти, растојанието меѓу надворешните хидранти изнесува најмногу 150м.

Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5м, а најмногу 80м.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

6.7 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04,49/04, 86/08, 124/10,18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивнисредства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

6.8 Заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини и нивниот однос спрема слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При планирањето е водено сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптмално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Просторот на предметниот проектен опфат се наоѓа во зона на граница од 8 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти. Новите објекти да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

6.9 Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено согласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згриживањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом или средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење. На просторот од парцелата постои можност од згрижување на загрозеното и настраданото население со оглед на нејзината намена.

6.10 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа превземање на хигиено-епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување. За укажување прва помош се користат стандардни и прирачни средства. Подготвеност за укажување прва помош претставува и поседувањето на одржувана и добро чувана кутија со стандардни средства за прва помош. Кутијата треба да биде во правоаголна форма. Најдобро е да биде изработена од материјал кој е отпорен на бензин и дизелско гориво, а бојата, натписот и ознаката треба да се отпорни на механичко отстранување. Кутијата за прва помош треба повремено да се проверува, во случај на поминат рок средствата треба да се заменат.

6.11 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејства на природните непогоди, екплозии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

6.12 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифототии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведувањето на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

6.13 Заштита на амбиентален воздух

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот согласно Закон за квалитет на

амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија, 6рој 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15).

6.14 Заштита на водата

Секое дејствие или активност со кое се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непревземање на дејствие, со кое се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането согласно Законот за водите.

Во планскиот опфат одведувањето на фекалните отпадни води од објектите е решен со сепарациона канализациона мрежа. Одведувањето на атмосферските води од објектите и внатрешните улици е преку планирана мрежа.

Неопходно е соодветно пречистување на отпадните води (механичко, биолошко), пред испуштање во реципиентните води до ниво коешто ги задоволува целите за квалитет, како и контрола на квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Службен весник на РМ, бр.18/99).

До изградба на канализационата мрежа одведувањето на отпадните води е решено со Базен за фекална вода кој има задача да ја прифати фекалната отпадна вода во траење додека се наполни а потоа со специјално возило се исцрпи од него и се однесе во најблиска фекална канализација или пречистителна станица.

6.15 Заштита на почвата

При проектирање и изградба на содржините во склоп на урбанистичкиот проект за инфраструктура да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва.

При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој.

Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

6.16 Управување со отпад

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Согласно Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ 39/16 и 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат созда вањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и

здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во депонија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија.

Предвидено е организирано собирање и одложување на отпадот во постојната депонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Во текот на производството создадениот отпад е селектиран во одделни контајнери (боксови) за отпад од јајца, отпад од погон,отпад од пластика и секундарен отпад и истиот се отстранува согласно законската регулатива со специјални возила од страна на правни лица регистрирани за работа со отпад .

6.17 Заштита и спасување свлекување на земјиштето

При изработка на Проектот, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето е мерка која треба да се предвиди и пропише согласно законската регулатива. При изработката на Основниот проект, ако истиот преставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршените геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

6.18 Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќаат мерки и средсства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје,превземање на мерки за заштита и одстранување на последиците од нив.

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.
Согласно Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува Проектот за инфраструктура, а имајќи ги во предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.весник на РМ бр.32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

6.19 Мерки за спречување на бариери за лица со инвалитет

Условите за движење на инвалидизирани лица се пропиШани во точка 13, од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10). Според овој Правилник составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на инвалидизирани лица во рамките на планскиот опфат.

- Површините за движење на пешаците (тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоШтади и плоштатки), секаде каде дозволуваат условите мора да се со континуирана нивелета, без скалести денивелации, со подолжен наклон од најмногу 8,33 %;

- Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина: за наклон 8,33 % (1:12) мак. должина на рампата е 9,0 м, за наклон 6,66 % (1:15) мак. должина на рампата е 12.0 м. за наклон 5.0 % (1:20) мак. должина на рампата е 15.0 м, а за неопходни поголеми должини на рампата, задолжително се планира одморалиШте, со најмала должина е 1.50 м, а оптимална должина е 1.80 м.

- При планирање на елементи на уличната мрежа, задолжително се предвидуваат рампи за секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот:

- Минималната ширина на рампата е 1.00 м, а оптималната ширина е 1.80 м; најголем наклон на рампата е 20 % (1:5), а оптималниот наклон е 8,33 % (1:12). Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

6.20 Заштита на природното и културното наследство

Од областа на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1 (дел од МЗ 5.2 – I дел), Општина Бутел**е покрената по барање на Нарачателот **Општина Бутел**, треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата. Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции.

За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

• Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;

• Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;

• Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;

• Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;

• Рационална изградба на инфраструктурата;

• Концентрација и ограничување на изградбата;

• Правилен избор на соодветна локација.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

При примена на планските решенија на урбанистички проект за се што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на Р.М. бр.117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на Р.М. бр.76/06) и Уредба за спроведувањето на мерката заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи (Службен весник на Република Македонија, 6број 100/10)

6.21 Други мерки согласно мислења од надлежни субјекти со јавни овластувања од член 47 од закон за урбанистичко планирање

• НОМАГАС Скопје, известување со број 08-1634/2 од 21.03.2025г. – во границите на планскиот опфат нема изградено гасоводна мрежа.

• ЈП Водовод и канализација – Скопје, известување со бр.1302-970/1 од 24.03.2025. од 27.03.2025г. за постоечка водоводна, фекална и атмосферска канализација.

• Македонски телеком АД Скопје, известување со број 70106 од 21.03.2025г – во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

• ЕВН Македонија, известување со бр. 10-55/3-250 од 08.04.2025г., во границите на проектниот опфат минува мрежа во сопственост на ЕВН. Односно, постојна надземна 0.4кв мрежа, аплицирана на графичките прилози.

• МЕПСО, известување со бр. 11-1794/1 од 25.03.2025г., границите на проектниот опфат не се пресекуваат со ЕЕ нивна сопственост.

• ДЗД, подрачно одделение Чаир, известување со бр.14/6-54/2 од 25.03.2025г.-мерки за заштита и спасување кои треба да се опфатат во урбанистичкиот проект.

ПОДАТОЦИ, МИСЛЕЊА И СОГЛАСНОСТИ ОД ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ И ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 08 - 1694/2
21.03 20 25 год. viti.
Скопје-Shkup

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3118 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

До: **Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање податоци и информации,** ваш бр. 03-96/25 од 20.03.2025 година

Согласно вашето Барање податоци и информации, ваш бр. 03-96/25 од 20.03.2025 година, за изработка на Урбанистички проект за разработка на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1(Дел од М3 5.2 – I дел) 2004-2009 со одлука бр.07-179/11 од 11.11.2004г, на дел од КП.бр.2296 КО.Бутел, општина Бутел – Скопје.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат **нема** изградено ниту има планирано гасоводна мрежа.

Со почит,

Изготвил:
Анита Тевдовска дипл.инж.арх.

Постапка:
70106

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 70106
Дата: 21.03.2025

До
НИМАЕР Струга – Д.Е. Скопје
Ул. Лондонска бр. 19, ТЦ. Олимпико, локал 34, 1000 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за Урбанистички проект за разработка на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1(Дел од М3 5.2 – I дел) 2004-2009 со одлука бр.07-179/11 од 11.11.2004г, на дел од КП.бр.2296 КО.Бутел, општина Бутел – Скопје, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

Elizabeta Maneva
Digitally signed by Elizabeta Maneva
Date: 2025.03.21 15:05:26 +01'00'

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД-СКОПЈЕ
Адреса: Кеј 13-ти Ноември 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Internet: www.telekom.mk
Контакт центар за приватни корисници: +389 2 122, +389 70 122|E-Mail: kontakt@telekom.mk
Контакт центар за деловни корисници: +389 2 120, +389 70 120|E-Mail: biznis.kontakt@telekom.mk
ЕМБС: 5168660 | Основна главнина: МКД 9.583.887.733,00
ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

Влада на Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЧАИР

Qeveria e RepublikësësëMaqedonisësëVeriut
DREJTORIA PËR MBROJTJE DHE SHPËTIM
NJËSIA RAJONALE ÇAIR

Архивски број 14/6-54/2 од 25.03.2025 година

До: ДООЕЛ "НИМАЕР" – СТРУГА Д.Е. СКОПЈЕ
ул."Лондонска" бр.19, Т.Ц. "ОЛИМПИКО" Лок.34- Скопје

Предмет:Податоци и информации, доставува-
Врска: Ваш акт бр.03-96/25 од 20.03.2025

Согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Подрачното одделение за заштита и спасување-Чаир при Секторот за оперативна и логистика во Дирекцијата за заштита и спасување, информира:

Почитувани,
Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за потребите на изготвување на **Урбанистички проект за разработка на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1 (Дел од МЗ 5.2 – I дел) 2004-2009 со одлука бр.07-179/11 од 11.11.2004 година, на дел од КП.бр. 2296 КО. Бутел, Општина Бутел - Скопје.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува мерки за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на **Урбанистички проект за разработка на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1 (Дел од МЗ 5.2 – I дел) 2004-2009 со одлука бр.07-179/11 од 11.11.2004 година, на дел од КП.бр. 2296 КО. Бутел, Општина Бутел - Скопје.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**, да се опфатат следните мерки:

1. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИИ**

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ **бр.67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област**.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ЧАИР
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Çair
Ул."Орце Николов" бр.138
Република Северна Македонија
Rr. "Orce Nikolov" n.138
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2614 711
cair@dzs.gov.mk

собраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Проектот за инфраструктура да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4.ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Проектот за инфраструктура, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5.РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.
Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува Проектот за инфраструктура, а имајќи ги во предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.весник на РМ бр.32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Наведените мерки треба да се вградат во изработка на **Урбанистички проект за разработка на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1 (Дел од МЗ 5.2 – I дел) 2004-2009 со одлука бр.07-179/11 од 11.11.2004 година, на дел од КП.бр. 2296 КО. Бутел, Општина Бутел - Скопје.**

Откако ќе ги разработите и вградите мерките за заштита и спасување во проектната документација за изработка на **Урбанистички проект за разработка на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1 (Дел од МЗ 5.2 – I дел) 2004-2009 со одлука бр.07-179/11 од 11.11.2004 година, на дел од КП.бр. 2296 КО. Бутел, Општина Бутел - Скопје**, да ја доставите до Подрачното одделение за заштита и спасување-Чаир, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

Доставено до:насловот, архива.

Svetlana Spasovska
Digitally signed by Svetlana Spasovska
Date: 2025.03.25 13:25:31 +01'00'

Припрема
Јетон Шаќири

Раководител
Светлана Спасовска

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ЧАИР
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Çair

Ул."Орце Николов" бр.138
Република Северна Македонија
Rr. "Orce Nikolov" n.138
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 2614 711
cair@dzs.gov.mk

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

НИМАЕР ДООЕЛ Струга д.е.Скопје

Друштво за градежништво, трговија и услуги

Ул.Лондонска бр.19 лок. 34, ТЦ Олимпико,

1000 Скопје, Р.Македонија

11-1794/1

25.03.2025

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Број на предмет: 70106

Врз основа на Вашето барање со број на предмет 03-96/25 од 20.03.2025 година, (наш број 11-1794 од 24.03.2025 година) за податоци и информации потребни за изработка на **Урбанистички проект за разработка на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1(Дел од МЗ 5.2 – I дел) 2004-2009 со одлука бр.07-179/11 од 11.11.2004г, на дел од КП.бр.2296 КО.Бутел, општина Бутел – Скопје,**

Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Наталија Еленска

Проверил: Јасмина Ставрова

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2025.03.26 08:05:23 +01'00'

...о овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС и геодетски работи

ЈП Водовод и канализација - Скопје
NP Ujësjellësi dhe kanalizimi - Shkup

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302-970/2
Дата data 28-03-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

ВИК-716-101.01

До: "НИМАЕР" ДООЕЛ Скопје
ул. "Лондонска" бр.19, 1000 Скопје
Предмет: 1302-970/1 од 24.03.2025
Дата: 27.03.2025

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање со број 03-96/25 од 20.03.2025 креирано на страната на е-урбанизам на 20.03.2025 год. и заведено под бр.1302-970/1 од 24.03.2025год. со кое не известувате дека за потребите на изработка на **Урбанистички проект за разработка на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1(Дел од М3 5.2 – I дел) 2004-2009 со одлука бр.07-179/11 од 11.11.2004г, на дел од КП.бр.2296 КО.Бутел, општина Бутел – Скопје.**

ни доставувате ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат и барате достава на податоци и информации со кои располагаме а кои се однесуваат на постоечка и/или планирана инфраструктурна мрежа,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет, за кој ќе изработувате УП и согласно член 47 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24) **преку страната на системот е-урбанистчики планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења, Ви ги доставуваме бараните податоци**

-Ситуација во М 1: 1000 во pdf формат со прикажана наша постоечка водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација.

Што се однесува до прикажување на предвидена хидротехничка инфраструктура на предметниот локалитет, ЈП „Водовод и канализација" Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на важечки Урбанистички Планови за предметниот локалитет и изработени Основни Проекти (ако такви постојат) за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да ги добиете од О.Бутел и решенијата од ГУП на Град Скопје.

Ул. Лазар Личеноски бр.9, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 300; Контакт центар 02 3073 010;
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Се грижиме за животната средина и користиме рециклирана хартија.
СЕКОГАШ НАЈДОБРОТО за Скопје


Бр.1302-970/1
Датум: 24.03.2025 г.
ЛЕГЕНДА
1:1,000
Постојна водоводна мрежа
Постојна атм. кан. мрежа
Постојна фек. кан. мрежа

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-55/3-250 од 08.04.2025
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски

Контакт телефон: 072 933 420

e-mail: martin.jankovski@evn.mk

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 03-96/25 од 20.03.2025 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект за разработка на ГП.5.2 од ДУП за Бутел 1(Дел од МЗ 5.2 – I дел) 2004-2009 со одлука бр.07-179/11 од 11.11.2004г, на дел од КП.бр.2296 КО.Бутел, општина Бутел – Скопје, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
7.6.Тоалет

Малиот музеј е повеќефункционален, односно може да служи и како простор за различни поставки/изложби и треба да задоволува потребите на Општината. Поради тоа ги содржи и сите потребни пропратни содржини за посетителите и вработените, за да биде атрактивен и функционален простор. Застапени се повеќе содржини со намена канцелариски простор, како одговор на потребите на барањата за содржина од таков тип во објектот. Концептот на кафетеријата во склоп на истиот е да биде за самопослужување, со цел да го опслужува не само објектот, туку плоштадот и акцент да се стави на седењето надвор и развивање и користење на уредениот плоштад.

На меѓуниво:
1.Соба за одржување/видео надзор
2.Хигиеничар
3.Влез
4.Женски тоалет
5.Машки тоалет
6.Хоризонтални комуникации
7.Вертикални комуникации
8.Влез
9.Канцеларија
10.Тоалет
11.Чајна кујна
12.Канцеларија-управа

Меѓунивото е простории за содржини кои му користат на самиот објект и вработени за истиот, како управата, техничките соби за одржување, надзор и одржување на хигиена на истиот, со што допринесува до подобро искористување на просторот, групација и распределба на потребните содржини и движење во самиот објект, бидејќи го прави поинтимен во однос на јавните содржини за посетители.

На кат:

1.Мултифункционалер простор/Изложбен простор
2.Туш
3.Тоалет
4.Женска гардероба
5.Хоризонтални комуникации
6.Контролиран влез/излез
7.Машка гардероба
8.Тоалет
9.Туш
10.Вертикални комуникации/лифт
11.Хоризонтални комуникации
12.Машки тоалет
13.Женски тоалет
14.Влезен хол за тоалети
15.Аудиториум
16.Влезен хол
17.Влез-аудиториум
18.Предпростор- аудиториум
19.Пулт-контрола

Мултифункционалниот простор, е проектиран со намера лесно и брзо да може да се претвори од простор за културни друштва и активности како танци, инструменти и слично, во изложбен простор за изложби/инсталации од различен тип. Затоа содржи и дополнителни простории потребни за истото (гардероби).

Аудиториумот е проектиран по високи стандарди и можен за користење од страна на 112 посетители, исто така со дополителни простории потребни за истото (техничка просторија, тоалети, гардероба влезен хол.).

- Поголемата висина на целиот објектот и неговите простории е поради јавниот карактер на истиот, а во согласност и почитувајќи ги урбаните параметри.

Проектирањето на сите делови, поединечно и како целина на градбата и целосната околината е со запазување архитектонски правилата и принципи за добра естетика, огранизација, пристапност, движење и создавање на корисен, хуман и привлечен простор за што повеќе типови на посетители/корисници. Согласно намената тие се и целосно пристапни за лица со инвалидитет, преку планираните рампи и лифтови.

Бидејќи за поголемиот дел од намените не е потребна директна светлина, прозорите се покриени со фасаден перфориран панел кој покрај фасадно обликување ќе донесе игра на послаба светлина и сенка во внатрешноста на просторите.

Греењето и ладењето во објектот се планирани со сплит-системи.

Партерното решение за овој простор е плоштад со патеки и зеленило, уредено со урбана опрема, фонтана, споменик бина и детско игралиште кои имаат за цел да ја збогатат понудата и атрактивноста на јавниот простор како и социјалниот живот на жителите од општината.Дел од патеките се обработени со травертин а дел со гранит и се во директен

контакт со тремот на објектот кој ја разбива границата на намените внатре/надвор и ја продолжува мултифункционалноста како концепт на целиот простор.

Озеленувањето со високо зеленилио е со црвен јавор, ниско зеленило со туја и тревни простори и застапува 20% од вкупната површина на локацијата.

Детското игралиште е обработено со гумиран под и опремено со соодветна урбана опрема – лизгалки, нишалки трамполина, а во непосредна близина е и фонтаната и споменикот, кој заедно со бината која се наоѓа на другата страна му ја даваат рамката на плоштадот.

- **МАТЕРИЈАЛ**

Објектот ќе се изведе од стандардни градежни материјали, со атести за сите употребени градежни материјали.

Фасадните површини се со фасаден перфориран или полн алуминиумски панел во комбинација со структурална стаклена фасада.

Кровот е предвиден со кровна челична решетка, обложена со трапезаст сендвич лим (100 мм) со лим дебелина 0,8мм. Сите кровни опшивки, кровни венци и олуци се од алуминиумски и поцинкувани челични лимови.

Ѕидните површини и преградните ѕидови се различно обработени според намената и потребата на просториите.

Таваните се различно обработени согласно намената и потребата на просториите.

Подовите во санитарните јазли, чајни кујни и слично, ќе бидат обложени со керамички плочки, додека пак другите простории се различно обработени согласно намената и потребата на просториите

Надворешната и внатрешната столарија ќе биде изведена од пвц профили, застаклени со термопан стакло.

Одводнувањето на атмосверската вода ќе биде преку хоризонтални и вертикални олуци, изведени од пластифициран лим.

Мебелот и уредувањето на ентериерот да биде усогласен со инвеститорот.

- **КОНСТРУКЦИЈА**

Ново проектираниот објект во основа има правоаголна форма. Истиот се состои од едно приземје на ниво ±0.00m со променлива висина од 4.48m (5.76m) мерено од плоча на приземје до плоча на кат, односно висина од 2.88m мерено од плоча на приземје до плоча на меѓукат, еден меѓукат на ниво +2.88m со висина од 2.88m мерено од плоча на меѓукат до плоча на кат и еден кат на ниво +5.76m (+4.48m) со променлива спратна висина од 4.55m (5.86m) мерено од плоча на кат до кровна плоча. Објектот е со бруто развиена површина од 424.84m^2 на приземје, 89.90m^2 на меѓукат и 410.93m^2 на кат, односно вкупно развиената бруто површина за целиот новопроектиран објект изнесува ~926m^2.

Објектот е предвидено да се фундира на кота -1.52m на темели самци под АБ стобови со димензии A/A=160/160cm и висина h=50cm, A/B=150/300cm и висина h=50cm, A/A=180/180cm и висина h=60cm, A/B=200/220cm и висина h=50cm, A/B=336/387cm и висина

h=50cm и лентовидни темели под АБ платна со ширина на темел A=80cm и висина h=50cm и со ширина на темел A=70cm и висина h=50cm. Темелната конструкццција по ободот, под АБ платна, е поврзана меѓусебно со поврзни темелни греди со димензии на поречен пресек b/h=40/50cm.

Како вертикални носиви елементи се предвидени АБ столбови со димензии на попречен пресек 40/40cm, 40/60cm и АБ платна со дебелина dp=25cm.

АБ греди на ниво ±0.00m – приземје, ниво +5.76m-кат и ниво +10.31m - кровен венец, се со димензии на попречен пресек 40/50cm, додека дополнително АБ греди на ниво +10.31m - кровен венец, се со димензии на попречен пресек 40/80cm.

АБ плочи на ниво ±0.00m - приземје и на ниво +2.88 - меѓукат, се со дебелина од dp=16cm, АБ плоча на ниво +4.48m (+5.76m) - кат е со дебелина dp=18cm и АБ плоча на ниво +10.31m - кровен венец е со дебелина dp=18cm.

Вертикалната комуникација во објектот е обезбедена преку внатрешни АБ скали за пристап од ниво ±0.00m - приземје до ниво +2.88m - меѓукат со дебелина на скалишна плоча од d=18cm и АБ скали за пристап од ниво +2.88m - меѓукат до ниво +5.76m - кат со дебелина на скалишна плоча од d=16cm.

АБ платна кај лифт се со дебелина од dp=20cm и dp=25cm.

Покривната конструкција се состои од челични решетки изведени од профил на долен појас HOP[]80.80.3, горен појас HOP[]80.80.3 и исполна од дијагонали и вертикали со профил HOP[] 40.40.3 врз кои налегнуваат рожници изведени од профил HOP[]120.80.5. Врз вака поставената челична покривна конструкција налегнува покривен материјал од пластифициран сендвич панел со дебелина 8-10cm.

- **ДИМЕНЗИОНИРАЊЕ**

Димензионирањето на носивите елементи на објектот ќе се изврши по теоријата на гранична носивос, а исто така за објектот ќе се изврши и сеизмичка анализа за Осма сеизмичка зона - 9 степен по МЦС системот, со соодветни параметри за носивоста на земјиштето, односно крутоста на објектот.

IV.ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА

ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА ЗА
ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА ДОМ НА КУЛТУРА НА Г.П.5.2 ОД ДУП ЗА БУТЕЛ 1 (ДЕЛ ОД МЗ 5.2 - I ДЕЛ), К.О. БУТЕЛ, ОПШТИНА БУТЕЛ-СКОПЈЕ

ИНВЕСТИТОР: Општина Бутел

ДИМЕНЗИИ: (објект 5.2.2) – 12.5х40м

ВИСИНА: (објект 5.2.2) - П+1

А. ДОМ НА КУЛТУРА

1	ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
1.1	Расчистување на теренот од растиње, жбуње, отпадоци со одвоз на материјалот на оддалеченост до 5km	m2	2,399.00	200.00	479,800.00
1.2	Рушење на постоечки објекти со одвоз на шутот на депонија	m2	1,220.00	1,650.00	2,013,000.00
ВКУПНО					**2,492,800.00**

2	ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
2.1	Обележување и исколчување на објектот према ПТП	m2	560.00	90.00	50,400.00
2.2	Расчистување и ископ на хумус во слој од 20см	m3	638.00	510.00	325,380.00
2.3	Машински ископ на земја 3-та категорија за солитерни стопи и лентовидни темели	m3	100.00	510.00	51,000.00
2.4	Рачен ископ на земја 3-та категорија за солитерни стопи и лентовидни темели (докопување и обликување) - земено 10% од ископот	m3	10.00	900.00	9,000.00
2.5	Набавка и растурање на слој од тампон d=60cm испод темели и темелни стопи	m3	110.00	1,500.00	165,000.00
2.6	Набавка и растурање на слој од тампон d=30cm испод АБ врзни греди	m3	25.46	1,500.00	38,190.00
2.7	Набавка и растурање на слој од тампон d=30cm испод АБ плоча и греди во приземје	m3	124.00	1,500.00	186,000.00
2.8	Набавка и поставување на геотекстил испод тампон кај АБ темели min 300/gr/m2	m2	183.00	350.00	64,050.00
2.9	Одвоз на земја со камион на локација одредена за таа намена од инвеститорот на оддалеченост до 5km	m3	748.00	310.00	231,880.00
ВКУПНО					**1,120,900.00**

3	БЕТОНСКИ И АРМИРАНО БЕТОНСКИ РАБОТИ				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
3.1	Бетонирање на стопи и лентовидни темели со МБ30 во земја	m3	63.88	20,000.00	1,277,600.00
3.2	Бетонирање на подлога од слаб бетон d=10cm со МБ20 под стопи и лентовидни темели	m3	12.39	18,000.00	223,020.00

3.3	Бетонирање на АБ темелни врзни греди 40/50cm со МБ30 во потребната оплата	m3	10.82	20,000.00	216,400.00
3.4	Бетонирање на подлога од слаб бетон d=5cm со МБ20 под врзни греди	m3	2.16	18,000.00	38,880.00
3.5	Бетонирање на АБ подна плоча d=16cm со МБ30	m2	413.06	3,000.00	1,239,180.00
3.6	Бетонирање на подлога од слаб бетон d=5cm со МБ20 под подна плоча	m2	413.06	2,600.00	1,073,956.00
3.7	Бетонирање на АБ рампи d=16cm со МБ30 во потребната оплата и потребно подупирање	m2	19.20	3,000.00	57,600.00
3.8	Бетонирање на АБ скали d=18cm со МБ30	m2	22.61	3,000.00	67,830.00
3.9	Бетонирање на АБ плоча d=16cm со МБ30 во потребната оплата и потребно подупирање - меѓукат	m2	61.54	3,000.00	184,620.00
3.10	Бетонирање на АБ плоча d=18cm со МБ30 во потребната оплата и потребно подупирање - кат	m2	379.04	3,000.00	1,137,120.00
3.11	Бетонирање на АБ плоча d=18cm со МБ30 во потребната оплата и потребно подупирање - кров	m2	425.00	3,000.00	1,275,000.00
3.12	Бетонирање на АБ платна-цокли d=20cm со МБ30 во потребната оплата	m2	188.20	3,000.00	564,600.00
3.13	Бетонирање на АБ платна и цокли d=20cm со МБ30 во потребната оплата	m2	222.38	3,000.00	667,140.00
3.14	Бетонирање на АБ платна d=25cm со МБ30 во потребната оплата	m2	150.19	3,000.00	450,570.00
3.15	Бетонирање на АБ столбови 40/40cm со МБ30 во потребната оплата	m3	27.88	20,000.00	557,600.00
3.16	Бетонирање на АБ столбови 40/60cm со МБ30 во потребната оплата	m3	35.45	20,000.00	709,000.00
3.17	Бетонирање на АБ греди 40/50cm со МБ30 во потребната оплата и потребно подупирање - приземје	m3	45.38	20,000.00	907,600.00
3.18	Бетонирање на АБ греди 40/50cm со МБ30 во потребната оплата и потребно подупирање - меѓукат	m3	9.83	20,000.00	196,600.00
3.19	Бетонирање на АБ греди 40/50cm со МБ30 во потребната оплата и потребно подупирање - кат	m3	43.88	20,000.00	877,600.00
3.20	Бетонирање на АБ греди 40/50cm со МБ30 во потребната оплата и потребно подупирање - кров	m3	15.84	20,000.00	316,800.00

3.21	Бетонирање на АБ греди 40/80cm со МБ30 во потребната оплата и потребно подупирање - кров	m3	30.66	20,000.00	613,200.00
ВКУПНО					**12,651,916.00**
4	**АРМИРАЧКИ РАБОТИ**				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
4.1	Набавка, сечење, виткање и монтажа на ребраста арматура RA 400/500-2	kg	53,355.28	100.00	5,335,528.00
4.2	Набавка, сечење, виткање и монтажа на мрежеста арматура MA 500/560	kg	7,263.00	100.00	726,300.00
ВКУПНО					**6,061,828.00**

5	**ЗИДАРСКИ РАБОТИ**				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
5.1	Ѕидање на надворешни ѕидови со керамички термо блок д=25см	м3	190.00	6,100.00	1,159,000.00
5.2	Ѕидање на преградни ѕидови со керамички термо блок д=15см	м2	500.25	3,100.00	1,550,775.00
ВКУПНО					**2,709,775.00**

6	**БРАВАРСКИ РАБОТИ**				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
врати		/	/	/	/
6.1	Изработка и монтажа на влезни портал и прозори од Al профили со исполна од термопан стакло 4+12+4mm и потребни анкери, лајсни, заптивни гуми и бандаж траки, со стандарден оков (застаклени)	/	/	/	/
	60/220	пар	24.00	38,000.00	912,000.00
	80/220	пар	16.00	42,000.00	672,000.00
	поз 130/250	пар	6.00	60,000.00	360,000.00
6.2	Изработка на внатрешни врати од алуминиумски профили со исполна од обичен панел	/	/	/	/
	поз 130/250	пар	5.00	60,000.00	300,000.00
	поз 70/220	пар	14.00	40,000.00	560,000.00
	поз 80/220	пар	6.00	42,000.00	252,000.00
	поз 90/220	пар	7.00	44,000.00	308,000.00
	поз 100/220	пар	1.00	45,000.00	45,000.00
прозори		/	/	/	/
6.3	поз I 60/220	пар	40.00	56,500.00	2,260,000.00
	поз I.I 60/60	пар	9.00	21,000.00	189,000.00
	поз II 80/220	пар	24.00	88,000.00	2,112,000.00
ВКУПНО					**7,970,000.00**
7	**КРОВОПОКРИВАЧКИ РАБОТИ**				

РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
7.1	Изработка на кровна конструкција - решеткасти носачи со огноотпорни премази	кгр.	6,000.68	250.00	1,500,170.00
7.2	Покривање на кров со пластифициран ребраст сендвич панелен лим d=10cm, заедно со опшивки, поставен директно на рожници со огноотпорни премази	m2	425.00	3,600.00	1,530,000.00
ВКУПНО					**3,030,170.00**

8	**ИЗОЛАТЕРСКИ РАБОТИ**				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
8.1	Поставување на хоризонтална хидроизолација на подна плоча во приземје, од следните елементи и на следниот начин:	/	/	/	/
	> постоечки бетонски подлоги > ладен премаз битулит "А" > врел битуменски премаз РК 85/25 > тер хартија бр.120 > врел битуменски премаз РК 85/25	m2	655.00	1,500.00	982,500.00
8.2	Поставување на хоризонтална хидроизолација на плоча кај водени јазли	m2	85.00	1,500.00	127,500.00
8.3	Поставување на хоризонтална хидроизолација на кровна плоча	/	/	/	/
	> постоечки бетонски подлоги > ладен премаз битулит "А" > врел битуменски премаз РК 85/25 > тер хартија бр.120 > врел битуменски премаз РК 85/25	m2	525.66	1,500.00	788,490.00
ВКУПНО					**1,898,490.00**

9	**ЛИМАРСКИ РАБОТИ**				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
9.1	Изработка и монтажа на хоризонтална и вертикална олучна цевка од пластифициран челичен лим	/	/	/	/
	а) хоризонтални олуци со р.ш. 110см	m'	40.00	1,200.00	48,000.00
	б) вертикални олуци со р.ш. 62см	m'	72.00	1,200.00	86,400.00
ВКУПНО					**134,400.00**

10	**КЕРАМИЧАРСКИ РАБОТИ**				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО

10.1	Набавка и монтажа на зидни керамички плочи во санитарии и др. Врз потребен материјал, редени фуга на фуга во ц.м. 1:3	m2	444.72	3,000.00	1,334,160.00
10.2	Набавка и монтажа на подни керамички плочи во санитарии и др. Врз потребен материјал, редени фуга на фуга во ц.м. 1:3	m2	82.20	3,000.00	246,600.00
10.3	Набавка и монтажа на спуштен таван тп Хантер Даглас во санитарните јазли	m2	82.20	5,000.00	411,000.00
ВКУПНО					**1,991,760.00**

11	**ПОДОПОЛАГАЧКИ РАБОТИ**				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
11.1	Набавка и монтажа на скали од мермер врз потребен материјал во ц.м. 1:3	/	/	/	/
	чела 1.55m x 0.02m	бр.	18.00	3,300.00	59,400.00
	газишта 1.55 mx 0.05m	бр.	18.00	3,400.00	61,200.00
	подести 1.55m x0.02m	m2	1.80	7,000.00	12,600.00
	чела 1.25m x 0.02m	бр.	18.00	3,200.00	57,600.00
	газишта 1.25 mx 0.05m	бр.	16.00	3,300.00	52,800.00
	подести 1.55m x0.02m	m2	8.40	7,000.00	58,800.00
11.2	Набавка и монтажа на мермерни плочи d=2cm	m2	331.58	7,000.00	2,321,060.00
11.3	Набавка, транспорт и монтажа на ламинатен под комплет со sидни лајсни и филц	m2	213.00	2,300.00	489,900.00
11.4	Набавка и монтажа на под од гранитни плочки со d=3cm, на подлога од цементен малтер d=2cm на претходно изведена армирано бетонска подна плоча кај трем	m2	164.74	8,150.00	1,342,631.00
ВКУПНО					**4,455,991.00**

12	**МОЛЕРО ФАРБАРСКИ И ГИПСАРСКИ РАБОТИ**				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
12.1	Набавка и монтажа на кнауф гипсени плочи 2 x 12.5mm на фасадни sидови	m2	760.25	2,400.00	1,824,600.00
12.2	Набавка и монтажа на кнауф гипесни плочи 2 x 12.5mm на преградни sидови	m2	414.42	2,400.00	994,608.00
12.3	Боење со поликолор на фасадни sидови од термо блок со облога од кнауф плочи	m2	761.25	500.00	380,625.00
12.4	Боење со поликолор на преградни sидови од термо блок со облога од кнауф плочи	m2	414.42	500.00	207,210.00

12.5	Набавка и монтажа на кнауф гипсени плочи 2 x 12.5mm - спуштени тавани	m2	427.36	2,400.00	1,025,664.00
ВКУПНО					**4,432,707.00**

13	**ФАСАДЕРСКИ РАБОТИ**				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
13.1	Набавка, транспорт и монтажа на фасаден алуминиумски перфориран панел според проект	m2	126.74	3,500.00	443,590.00
13.2	Набавка, транспорт и монтажа на фасаден алуминиумски полн панел според проект	m2	959.14	1,650.00	1,582,581.00
13.3	Набавка, транспорт и монтажа на структурална стаклена фасада составена од стаклен термопакет кој се состои од надворешното стакло Stopsol Supersilver Grey 5(mm)+15(mm) 90% Argon+4(mm) Low-E 5+15+4	m2	155.35	35,300.00	5,483,855.00
13.4	Набавка, транспорт и вградување на термоизолација на фасада од камена волна д=8см.	m2	735.00	450.00	330,750.00
ВКУПНО					**7,840,776.00**

14	**ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ**				
РЕД. БР.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	ЕДИНИЦА МЕРКА	КОЛИЧИНА	ЦЕНА	ВКУПНО
14.1	Обележување и исколчување на партерот	m2	2,437.00	120.00	292,440.00
14.2	Машински ископ на материјал во III и IV категорија со утовар и транспорт на материјалот до депонија посочена од Инвеститор	м3	698.80	510.00	356,388.00
14.3	Изработка на постелка	м2	1,747.00	100.00	174,700.00
14.4	Набавка, транспорт и вградување на тампонски слој од дробен камен со Дмин = 30см	м3	524.10	1,500.00	786,150.00
14.5	Набавка, транспорт и вградување асфалтен слој БНХС 16 со д=7см	м2	825.00	1,050.00	866,250.00
14.6	Набавка, транспорт и вградување бетонски рабници 18/24 МБ40	м	213.00	1,100.00	234,300.00
14.7	Набавка, транспорт и вградување бетонски рабници 8/16 МБ40	м	214.00	700.00	149,800.00
14.8	Набавка, транспорт и монтажа на плочки од травертин d=4cm на подлога од:	m2	823.34	5,500.00	4,528,370.00
	подлога од цементен малтер 2cm	m2	823.34	500.00	411,670.00
	Бетонирање на подна плоча d=8cm со МБ20	m2	823.34	2,200.00	1,811,348.00

	Набавка, сечење, виткање и монтажа на мрежеста арматура Q188 МА 500/560	kg	3,426.70	100.00	342,670.00
	тампон 20cm од дробен камен	m3	164.66	1,500.00	246,990.00
14.9	Набавка, транспорт и монтажа на плочки од гранит d=3cm на подлога од:	m2	385.00	8,150.00	3,137,750.00
	подлога од цементен малтер 2cm	m2	385.00	500.00	192,500.00
	Бетонирање на подна плоча d=8cm со МБ20	m2	385.00	2,200.00	847,000.00
	Набавка, сечење, виткање и монтажа на мрежеста арматура Q188 МА 500/560	kg	1,732.60	100.00	173,260.00
	тампон 20cm од дробен камен	m3	77.00	1,500.00	115,500.00
14.10	Затревување на површини со високо зеленило - црвен јавор	кол.	21.00	5,000.00	105,000.00
14.11	Затревување на површини со ниско зеленило - туја	кол.	31.00	350.00	10,850.00
14.12	Затревување на површини со трева	m2	512.47	120.00	61,496.40
14.13	**Изработка на фонтана**	m2	24.57	-	-
	Расчистување на теренот од растиње, жбуње, отпадоци со одвоз на материјалот на оддалеченост до 5km	m2	24.57	120.00	2,948.40
	Набавка и растурање на слој од тампон d=20cm испод АБ плоча	m3	5.00	1,500.00	7,500.00
	Бетонирање на подлога од слаб бетон d=5cm со МБ20 под подна плоча	m2	24.57	2,200.00	54,054.00
	Бетонирање на АБ подна плоча d=20cm со МБ30 со вградени водонепропустливи адитиви	m2	24.57	3,500.00	85,995.00
	Бетонирање на АБ платна со дебелина d=20cm со МБ30 со вградени водонепропустливи адитиви	m2	15.68	3,500.00	54,880.00
	Набавка, транспорт и монтажа на гранитни плочки d=2cm за надворешна обработка на фонтана врз подлога од цементен малтер d=2cm	m2	21.44	6,500.00	139,360.00
	Внатрешни хидроизолациони слоеви поставени на претходно подготвена подлога од цементен малтер d=4cm	m2	40.28	1,500.00	60,420.00
	Набавка, транспорт и монтажа на керамички плочки за внатрешна обработка на фонтана врз подлога од цементен малтер d=2cm	m2	40.28	3,000.00	120,840.00
	Набавка, сечење, виткање и монтажа на ребраста арматура RA 400/500-2	kg	324.37	100.00	32,437.00
	Набавка, сечење, виткање и монтажа на мрежеста арматура МА 500/560	kg	273.68	100.00	27,368.00

14.14	**Изработка на бина од армиран бетон со МБ30 и Армирана со RA400/500-2 и MA500/560**	m2	147.00	-	-
	Расчистување на теренот од растиње, жбуње, отпадоци со одвоз на материјалот на оддалеченост до 5km	m2	147.00	120.00	17,640.00
	Набавка и растурање на слој од тампон d=20cm испод АБ лентовидни темели и подна плоча од бина	m3	22.67	1,500.00	34,005.00
	Бетонирање на подлога од слаб бетон d=5cm со МБ20 под подна плоча	m2	84.00	1,800.00	151,200.00
	Бетонирање на подлога од слаб бетон d=5cm со МБ20 под темелни ленти	m2	38.10	2,400.00	91,440.00
	Бетонирање на АБ темелни ленти A/h=50/40cm со МБ30	m3	15.24	20,000.00	304,800.00
	Бетонирање на АБ подна плоча d=15cm со МБ30	m2	84.00	3,000.00	252,000.00
	Бетонирање на АБ рампи со дебелина d=15cm со МБ30	m2	33.84	3,000.00	101,520.00
	Бетонирање на АБ скали со дебелина d=15cm со МБ30	m2	28.80	3,000.00	86,400.00
	Бетонирање на АБ платна со дебелина d=20cm со МБ30	m2	63.00	3,000.00	189,000.00
	подлога од цементен малтер 2cm	m2	147.00	500.00	73,500.00
	Набавка, транспорт и монтажа на плочки од травертин d=4cm	m2	147.00	500.00	73,500.00
	Набавка, сечење, виткање и монтажа на ребраста арматура RA 400/500-2	kg	2,600.67	100.00	260,067.00
	Набавка, сечење, виткање и монтажа на мрежеста арматура MA 500/560	kg	779.67	100.00	77,967.00
14.15	**Изработка на платфрма за споменик од армиран бетон со МБ30 и Армирана со MA500/560**	m2	15.21	-	-
	Расчистување на теренот од растиње, жбуње, отпадоци со одвоз на материјалот на оддалеченост до 5km	m2	15.21	120.00	1,825.20
	Набавка и растурање на слој од тампон d=20cm испод платформа	m3	3.04	1,500.00	4,560.00
	Бетонирање на подлога од слаб бетон d=5cm со МБ20 под подна плоча	m2	15.21	1,800.00	27,378.00
	Бетонирање на АБ подна плоча d=20cm со МБ30	m2	15.21	3,000.00	45,630.00
	Набавка, транспорт и монтажа на гранитни плочки d=3cm кај платформа врз подлога од цементен малтер d=2cm	m2	15.21	8,150.00	123,961.50
	Набавка, сечење, виткање и монтажа на ребраста арматура RA 400/500-2	kg	100.00	100.00	10,000.00
14.16	Набавка и монтажа на клупи за седење	бр.	16.00	32,000.00	512,000.00
14.17	Набавка и монтажа на корпи за отпадоци	бр.	10.00	15,800.00	158,000.00

14.18	**Набавка и монтажа на опрема за детско игралише**	-	-	-	-
	клик-клак - 1 модул со две клик-клак	кол.	1.00	205,000.00	205,000.00
	лизгалка	кол.	1.00	135,000.00	135,000.00
	куќа со лизгалка	кол.	1.00	500,559.00	500,559.00
	трамболина	кол.	1.00	180,000.00	180,000.00
	лулашки - 1 модул со 4 лулашки	кол.	1.00	190,000.00	190,000.00
14.19	Набавка и монтажа на паркинг за велосипеди - 1 модул со 11 паркинзи	кол.	1.00	92,000.00	92,000.00
14.20	ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА ПАРТЕР	-	-	-	-
	Електрични инсталации кај партер	-	-	-	2,200,176.00
14.21	ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ПАРТЕР	-	-	-	-
	ископ на ров за канали за одводнување	м1	94.80	500.00	47,400.00
	Набавка и растурање на слој од тампон d=20cm испод канали.	м3	5.68	1,500.00	8,520.00
	бетонирање на канали за одводнување	м1	94.80	750.00	71,100.00
	набавка, транспорт и монтажа на сливници комплет со сливна решетка Д400 и бетонска цевка Ф400 (Л=2м)	бр.	21.00	21,000.00	441,000.00
	Набавка, транспорт и монтажа на гусана решетка со одводен канал од ПП материјал со дим. 1000x130x105мм со заливање РБ200, класа на оптоварување С250	м1	94.80	16,500.00	1,564,200.00
ВКУПНО					**23,661,583.50**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА ЗА ДОМ НА КУЛТУРА		
1	**ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ**	**2,492,800.00**
2	**ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ**	**1,120,900.00**
3	**БЕТОНСКИ И АРМИРАНО БЕТОНСКИ РАБОТИ**	**12,651,916.00**
4	**АРМИРАЧКИ РАБОТИ**	**6,061,828.00**
5	**ЗИДАРСКИ РАБОТИ**	**2,709,775.00**
6	**БРАВАРСКИ РАБОТИ**	**7,970,000.00**
7	**КРОВОПОКРИВАЧКИ РАБОТИ**	**3,030,170.00**
8	**ИЗОЛАТЕРСКИ РАБОТИ**	**1,898,490.00**
9	**ЛИМАРСКИ РАБОТИ**	**134,400.00**
10	**КЕРАМИЧАРСКИ РАБОТИ**	**1,991,760.00**
11	**ПОДОПОЛАГАЧКИ РАБОТИ**	**4,455,991.00**
12	**МОЛЕРО ФАРБАРСКИ И ГИПСАРСКИ РАБОТИ**	**4,432,707.00**
13	**ФАСАДЕРСКИ РАБОТИ**	**7,840,776.00**
14	**ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ**	**23,661,583.50**
	ВКУПНО БЕЗ ДДВ	**80,453,097**
	18% ДДВ	**14,481,557**
	ВКУПНО СО ДДВ	**94,934,654**

V.ГРАФИЧКИ ДЕЛ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БУТЕЛ

Број: 2301-260/2 **од** 16.05.2025 година

Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и лер Скопје

ИЗВОД ОД ПЛАН

ДУП: за дел од Бутел1 (дел од МЗ 52 – I дел) 2004-2009

Одлука бр: 07-179/11 **од** 11.11.2004 година

Одлука за исправка на техничка грешка бр.08-1087 од 15.05.2025 година

Намена на градба: Јавно, деловно трговски објект

Ул. „Бутелска“ **бр.**

ДЛ: **М** 1:1000

ИЗВОД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 5.2

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:



Изготвил,

Весна Гугулоска град.тех.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,

Ана Младеновска д.и.а.

Република Македонија ОПШТИНА БУТЕЛ СКОПЈЕ



Постојна водоводна мрежа
Планирана водоводна мрежа

Постојна фекална канал. мрежа
Планирана фекална канал. мрежа

Постојна атмосферска канал. мрежа
Планирана атмосферска канал. мрежа

10/0,4 кВ ТРАФОСТАНИЦА - ПОСТОЈНА
10 кВ КАБЛИ - ПОСТОЈНИ
110 кВ ДАЛНОВОД - ПОСТОЕН
ЗАШТИТЕН КОРИДОР ЗА 110 кВ ДАЛНОВОД
10 кВ ДАЛНОВОД - ПОСТОЕН
ПТТ КАНАЛИЗАЦИЈА - ПОСТОЈНА
ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ - ПОСТОЈНИ
СВЕТИЛКА - ПОСТОЈНА
10/0,4 кВ ТРАФОСТАНИЦА - ПЛАНИРАНА
СВЕТИЛКА - ПЛАНИРАНА

ГАСОВОД

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ М - 1:200

2. Просторна концепција и организација на просторот

Просторниот концепт на овој локалитет е разработен во планираните граници на урбаниот блок.
За дефинирање на програмските елементи користени се податоци од извршена анализа на постојна состојба, досегашната документација и парамертите презентирани во ГУП на град Скопје од 2002год., Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр: 4/96), Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр: 28/97, 18/99 и 53/01), Правилникот за поблиската содржина и начинот на графичката обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр: 2/02), Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. в. на РМ бр: 2/02), Законот за јавните патишта (Сл. в. на РМ бр: 26/96, 96/00) и другите законски акти кои имаат директно влијание при изработката на планот.

При планирање на просторот основни показтели се неговите физички можности, конфигурацијата на теренот, сообраќајниот пристап, со тенденција да се изработи пофункционално и порационално решение. Просторната концепција на комплексот треба да овозможи предвидување на рационална ефикасна сообраќајна и комунална инфра и супра структура.

2.1.Површина и намена

Површината во границите на урбаниот блок на Деталниот урбанистички план изнесува 20,79ха.
Основна намена на просторот е зона за домување со станбени куќи со градини, со површина од 11,13ха или 53,55%, заеднички станбени објекти со површина од 0,98ха или 4,72%, јавни деловно трговски објекти 0,39 ха или 1,91%, основно училиште со градинка 2,73ха или 13,16%,верски објект 0,45ха или 5,48%, спортско рекреативен центар 1,14ха или 2,16%, заштитно зеленило 0,15ха или 0,73%, сообраќајници 3,1ха или 14,91% и паркиралишта 0,7ха или 3,38%.

2.2.Парцелација и регулација

Парцелацијата во рамките на опфатот е вршена со максимално почитување на катастарските граници на парцелите.
Таму каде не е можно извршено е оформување на катастарска парцела.
Просторот е согледан како еден урбан блок поделен на 8 урбани модули.
Во секоја парцела означена е површината за градба.

Местоположбата на објектот во рамките на површната за градба е дефинирана со;
- градежна линија
- помошна градежна линија

Големината на објектот е лимитиран од следното:

- процент на изграденост на урбанистичката парцела (однос меѓу бруто површината под објект и површината на парцелата помножена со 100).
Коефициентот на искористеност на земјиштето е однос меѓу бруто развиената корисна површина на сите нивоа над теренот (од влезното ниво) и површината на парцелата.
- висина на венец
- Обврзувачка е и предвидената намена на површините со содржини кои се во согласност со Правилникот за уредување на просторот согласно предвидената зона.

Изградените објекти евидентирани во постојна состојба се максимално почитувани и вклопени во планот, со дефинирани парцели и обезбедени пристапи до нив.
Паркирањето за домувањето е предвидено во склоп на урбанистичките парцели, а за потребите на јавните деловно трговски објекти, спортските терени, училиштето предвидено е паркинг простор и паралелно паркирање долж улицата "Бутелска", која согласно Генералниот урбанистички план на град Скопје добива карактер на собирна сообраќајница, бидејќи за брзите движења кон другите населби и околината на градот предвидена е сообраќајницата "Христијан Тодоровски Карпош".

2.3. Домување

Најголем простор во предметниот опфат опфаќа домувањето со 53,55% од целиот опфат .
Вкупниот процент на изграденост на изнесува 34,52% во однос на парцелите, а коефициентот на искористеност е 0,80.
Висината на венецот на семејните куќи со градини е 10,20м, постојните два колективни објекта се задржуваат со постојна висина и габарит, а новопредвидените заеднички станбени објекти долж улицата "Бутелска" се со максимална висина 13,20м, а према улицата "Марко Крале" и "Галичка" степенасто каскадно се предвидени со висина од 10,20м и 7,20м.
Предвидувањето на заедничките станбени објекти е овозмежно долж улицата Бутелска, со што локалниот центар ке добие физичка и естетска целина, како што е впрочем предвидено и со актуелниот ГУП на град Скопје.
Во урбаниот блок предвидени се 927 домаќинства со вкупно 2.935 жители.
Во приземните делови на објектите по барање на инвеститорите можат да се предвидат простори за трговија и угостителсво, при тоа почитувајќи ги сите законски нормативи за таков вид на објекти.
Нето густината на живеење изнесува
2.935/12,11=242ж/ха

Бруто густината на живеење изнесува
2.935/20,79=141ж/ха

2.4.Јавно, деловно трговски објект

Во урбаниот опфатот, во локалниот центар на населбата Бутел предвидени е објект со намена за јавно деловни и трговски дејности. Во тој објект може да се смести и месната канцеларија и друг административен простор во зависност од потребите на општината и на жителите. За овој простор потребно е да се изработи урбанистички проект со кој при разработка на идејните решенија на објектот и партерното уредување ќе се дефинира изгледот, влезовите и функцијата на објектот. Со планов се препорачува приземјето што е можно да биде послободно со што ке се овозможи транспарентност на влезовите и отварање на визури према црквата. Поради тоа со планот е дефинирана мах. висина на објектот од 15,00м а во развиена површина се пресметани три катни површини.
Објектот е со површина под објект од 2200м2 а со развиена површина од 6600м2.
За паркинг простор се предвидува подземно паркирање со капацитет од 116 возила и долж улицата "Галичник" паркинг со капацитет од 14 возила. Со овие капацитети се задоволува стандардот од 1 паркинг место на 50м2 површина, пропишан со Правилникот (Сл. весник на Р.М. бр 50/03).
Полициската станица се задржува на постојната локација со можност за надградба до висина од 10,20м. До нејзината јужна страна се планира доградба на станбен објект со терцијални дејности на приземјето со висина до 13,20м. Ваквата намена на локацијата е во согласност со ГУП на град Скопје 2001-2020.

2.5.Верски објекти

Во локалниот центар на населбата, во урбаниот модул бр. 5, на атрактивна локација на аголот помеѓу улиците"Бутелска","Призренска" и "Галичка", предидена е црква. Локацијата е поволно ориентирана и отворена од сите страни на населбата, давајќи посебен акцент на објектот во овој простор, за кој е потребно да се предвиди и богата урбана опрема и партерно уредување, согласно со урбанистички проект.
За потребите на црквата предвидено е подолжно паркирање на сообраќајниците со што се обезбедени уште 68 места.

2.6.Основно образование и градинка

Локацијата на Основното училиште се задржува, со тоа што за иден развој на објектот е предвидена поголема површина за градба.
Во склоп на парцелата постои објект со една група за јасли. За потребите на целата М.З. Бутел I, со оглед на фактот што не постои објект за социјални грижи-градинка, а бројот на населението се зголемува со зголемубвање на густината на живеење, со планот се предвидува

површина за градба за градинка и јасли во склоп на парцелата. На тој начин и наслбата Бутел ќе ги задоволи стандардите за сите пропратни содржини кои се потребни во една месна заедница за задоволување на потребите на жителите.

2.7. Спортски терени

Во опфатот е предвиден простор за спортски терени согласно актуелниот ГУП на град Скопје со вкупна површина на парцела од 1,14ха или 5,48%. Предвидено е паркирање од улицата "Призренска" со 49 паркинг места. Содржината на овој простор е предвидено да се разработи со урбанистички проект, каде ќе бидат предвидени сите пропратни содржини за ваков вид на објекти.

2.8.Зеленило

2.8.1. Станбено зеленило

Станбеното зеленило е во лоша состојба и со планот е предвидено да секој инвеститор се погрижи за својата парцела поединечно, со оглед на тоа да во овој урбан блок нема парковско зеленило.

2.8.2. Заштитно зеленило

Заштитно зеленило со површина од 1500м^2, е предвидено на локацијата каде што постои резервоар за вода. На оваа локација просторт е потребно да се озелени.
Исто така по улицата Бутел е предвидено засадување на дрвореди од двете страни.

II. ПАРАМЕТРИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ

1. Систем и начин на градба и архитектонско урбанистички услови за изградба на објектите

1.1. Регулациона и градежна линија и површини за градба

Со Деталниот урбанисти план графички се прикажани регулационите и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот модул за одредена намена односно подрачјето за градење (урбанистички парцели) од земјиштето за општ интерес (јавни сообраќајни и други површини).

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајно-инфраструктурниот коридор.

Градежната линија е линија која ја определува границата до која може да се гради објектот.

Градежната линија претставува пресек на вертикална рамнина со рамнината на теренот и го дефинира просторот за изградба од нивелетата на партерот до дозволената висина на градба.

Градежната линија ја одредува границата на површината за изградба.

Со градежни линии, се ограничува површината за изградба на објекти во рамките на урбанистичката парцела и се назначува растојанието од регулационата линија (главна-надворешна градежна линија), односно од границата на урбанистичката парцела (помошна-внатрешна градежна линија).

1.2. Процент на изграденост на парцелата, коефициент на искористеност на земјиштето и максимална висина на објектите

За секоја урбанистичка парцела при реализацијата, односно при проектирањето треба да се задоволат следните урбанистички параметри:

- Процент на изграденост на парцелата која во зависност од намената изнесува:
- за објекти за домување и станбено деловни објекти максимално треба да изнесува до 60%
- за други објекти максимално до 70%

Процентот на изграденост на урбанистичките парцели преставува однос меѓу бруто површина под објект и површината на парцелата помножена со сто. Процентот на изграденост на парцелата ја дефинира површината за градба.

Коефициентот на искористеност на земјиштето преставува однос меѓу бруто развиена корисна површина на сите нивои над теренот (од влезното ниво) и површината на парцелата.

Максималните висини на објектите прикажани се во графичкиот прилог и во текстуалниот дел. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека (нулта кота) до завршниот венец на објектот.

1.3. Урбано санациони мерки

Бидејќи предметниот простор е претежно изграден со семејни куќи со градини за нив може да се применуваат и урбано-санациони мерки.
Урбано санациони мерки се применуваат за зголемување на квалитетот на постојните објекти со поправање и модернизирање на објектите за обезбедување на хигиена, стабилност, заштита на животна средина, естетскиот изглед на населбите и подигање на културно ниво на средината.
Урбано санациони мерки се применуваат за:
-санирање на постојни објекти заради подобрување на сеизмичката сигурност;
-модернизација на објекти со внесување на нови инсталации;
-поставување на громобранска инсталација и уреди за противпожарна заштита;
-подобрување на звучната и топлотна изолација;
-одржување и осовременување на фасадата;
-осовременување на прозорци, врати и други елементи;
-уредување на просторот околу објектот-поплочување на пристапни патеки, озеленување на површини, урбана опрема;

1.4. Огради

За објекти со специјална намена во кои спаѓаат и противпожарните и полициските станици, висината и типот на оградата се определува спроред намената на објектот, теренските услови и други барања за заштита.

1.5. Опрема

Опремувањето на локалитетот опфатен со овој план со елементи од урбана опрема треба да се решава со урбанистички проекти за партерно уредување во кој ќе се опфатат осветлувањето, простори за одмор, објекти како урбана опрема, клупи, корпи за отпадоци, реклами и сл.

Јавното осветлување, не смее да му пречи на нормалното одвивање на сообраќајот и железничката пруга, да му штети или менува изгледот на архитектонските објекти и групации.

1.6. Архитектонски бариери

Во третманот на пешачките површини и стази потребно е решавање на денивелациите со скали и рампи за инвалидизирани лица.

Пешачките површини мора да бидат меѓусебно поврзани и не смеат да бидат помали од 1,50м.

За совладување на помали висински разлики со инвалидска количка се изведуваат рампи. Рампата треба да биде изведена со наклон од 1:20 (5%).

2. Мерки за спроведување на инфраструктурна опрема

2.1. Водоснабдување

1) Доследно да се спроведуваат мерките за заштита и планирање на просторот на сегашните и идните траси на водоснабдителната мрежа
2) Водоснабдителната мрежа да овозможи нормално снабдување со вода при максимална часова потрошувачка и истовремена појава на пожар.
3) За улична разводна водоводна мрежа минимален профил на цевките треба да изнесува ϕ 80 мм. и да бидат лиено железни.
4) Водоводните цевки од канализационите цевки се поставуваат на растојание од 3,5 м, а на вкрстните точки со канализационите цевки се поставуваат над канализационата цевка.
5) Намалување на загубите на вода во водоснабдителната мрежа со редовно и совесно надгледување на работата на системот со перманентна грижа за негова состојба и редовно одржување.

2.2. Канализација

1) Димензионирањето на канализационата мрежа се врши врз основа на специфичната потрошувачка на ден по жител, со примена на коефициенти на дневна и часова нерамномерност и густина на населението за поедини урбанистички блокови.
2) Минимален пречник на улична фекалната канализациона мрежа изнесува ϕ 250 мм.
3) За меродавна количина за димензионирање на атмосферската канализација усвоен е интензитетот на дождот од 110 л/сек/ха кој се јавува секоја втора година во времетраење од 15 минути.
4) Минимален пречник на улична атмосферската канализација се усвојува ϕ 300 мм со минимална длабина на укопување од 1,0 м од површината на теренот.

2.3. Далечинско затоплување

Транспортот и дистрибуцијата на гасот мора да биде во склад со соодветните технички и функционални барања и ограничувања за проектирање и градење.

Поставувањето на гасоводната мрежа се врши на длабочина од 0,6 - 1 метри, со полиетиленски цевки според МКС ИСО 4437 стандардот. Арматурата и цевните елементи се вградуваат од ист материјал. Изолацијата мора да го заштитува гасоводот од корозија, а материјалот кој за тоа се користи мора да биде непропустлив и нехигроскопен, отпорен на механички влијанија, абразија и еластичен на сите температури.

При паралелно водење и вкрстување со други инфраструктури се применува Одлуката за техничките нормативи за проектирање и изградба на дистрибутивни гасоводни системи во Р. Македонија (Сл. весник, бр.45/90).

Регулационата станица по правило се сместува во посебно градени објекти или метални ормари, на пропишано растојание од другите објекти, водејќи сметка за пропишаните технички нормативи и барања.

3. Мерки за заштита на животна средина

Системот на мерки за заштита на животната средина треба да биде воспоставен на ниво на локација и на ниво на објект, согласно со аспектите:

Законска регулатива што ги определува правата и должностите на правните и физички лица при вршењето на дејноста, од областа на заштитата на животната средина што треба да се применува е наведена во член 52 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Сл. весник на РМ" бр. 2/02)

Ако при изведување на градежни работи се наиде на човечки активности во минатото, изведувачот и инвеститорт се должни привремено да запрат со работите на тоа место, да преземат мерки трагите да не се оштетуваат и веднаш да го известат за тоа надлежниот орган.

УРБАН МОДУЛ 5								
бр.на парц.	намена	П на парц. $м^2$	П на градба $м^2$		мах. висина м	% на изграденост	коеф. на искористеност	паркинг
			под објект	развиена бруто				
1	Верски објект	4500	1800	3000	Согласно со У.П.	40,00	0,67	80 во паркинг простор
2	Јавен деловно тргов. објект	3972	2200	6600	15.00	55,39	1,66	116 во подз. парк. и 14 надземни
3	Јавен објект (Полиција) Заеднички станбени објекти	2750	920	2260	10,20 13,20	33,45	0,82	22,6 во парцела и гаража
4	Станбена куќа	440	200	600	10,20	45,45	1,36	6 во парцела, гаража и приземје
5	Станбена куќа	520	280	560	7,20	60,00	1,08	2,8 во парцела, гаража и приземје
7	Станбена куќа	450	220	660	10,20	48,89	1,47	6,6 во парцела, гаража и приземје
8	Станбена куќа	500	175	525	10,20	35,00	1,05	5,3 во парцела, гаража и приземје
9	Станбена куќа	1220	770	1900	10,20 7,20	60,00	1,56	19 во парцела, гаража и приземје
10	Станбена куќа	480	185	555	10,20	38,54	1,16	5,6 во парцела, гаража и приземје
11	Станбена куќа	550	200	600	10,20	36,36	1,09	6 во парцела, гаража и приземје
12	Станбена куќа	250	150	450	10,20	60,00	1,80	4,5 во парцела, гаража и приземје
13	Станбена куќа	400	150	450	10,20	37,50	1,13	4,5 во парцела, гаража и приземје
14	Станбена куќа	425	210	630	10,20	49,41	1,48	6,3 во парцела, гаража и приземје
15	Станбена куќа	235	140	280	7,20	59,57	1,19	2 во парцела, гаража и приземје
16	Станбена куќа	175	100	200	7,20	57,14	1,14	2,8 во парцела, гаража и приземје
17	Заеднички станб. објекти	2000	900	3600	13,20	45,00	2,00	36 во парцела и гаража
ВКУПНО		**18867**	**8600**	**22870**	**15**	**45,58**	**1,21**	**263,80**

ВОВЕД

Предмет на оваа документација е изработка на **ПРЕДЛОГ ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ВО ТАБЕЛАТА ЗА НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ (УРБАН МОДУЛ 5 ПАРЦЕЛА БР.2) ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД БУТЕЛ 1(ДЕЛ ОД МЗ 52-I ДЕЛ)2004-2009 ГОД.ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БР.07-179/11 ОД 11.11.2004 ГОДИНА.**

